РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

| Примено: | 24.12.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредн. |
| 09 | 1142/1 | - | - |

Архивски знак 09/0 090.4
Рок на чување 5Т.
3/12 20__ г. Потпис

( Образец ПП……)

**До: Општина Демир Хисар**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted], ул. [redacted].

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

-годишни извештаи за перидот од 2010-2020 година кои содржат податоци количина на штетни материи испуштени од рафинериите на територијата на општината,

-статистички податоци за бројот на поднесени прекршочни пријави за прекршоци од Законот за јавна чистота за периодот од 2010-2020 година,

-годишни извештаи со информации за мерења за штетни емисии и опасни материи испуштени во водите, воздухот и почвата за периодот од 2010-2020 година,

-регистар на издадени еколошки дозволи за периодот од 2010-2020 година,

-податоци за изградба на канализациска инфраструктура за периодот од 2010-2020 година,

-годишни извештаи за здравствена исправност на вода за пиење за периодот од 2010-2020 години,

-годишни извештаи за работата на депониите на територијата на општината за периодот од 2010-2020 година,

-податоци за бесправна сеча на дрва/шуми на територијата на општината за периодот од 2010-2020 година,

-извештаи за спроведени консултации за јавност согласно постапките пропишани во Законот за животна средина, Законот за води, Законот за урбанистичко планирање за периодот од 2010-2020 година,

-статистички податоци за добиени барања за пристап до информации од јавен карактер за податоци од областа на животната средина, за одговорени барања, одговорени барања по поднесена жалба, неодговорени барања и отфрлени барања за периодот од 2010-2020 година,

-статистички податоци за постапки кои се водат пред Комисијата за слободен пристап до информации и Управниот суд во кои како тужена страна е општитата во контекст на пристапот до информации од јавен карактер од обласnta на животната средина за периодот од 2010-2020 година.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) електронски запис

Начин на доставување на информацијата:

- а) е-маил

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**[redacted]**

**Во Скопје, 23.12.2020 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар
---------------------------------------------
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-1142/2
29.12.2020
Демир Хисар
Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За позитивен одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

**Член 1**

На ден 24.12.2020 година [redacted] од [redacted] во својство на барател на информација од јавен карактер, до Општина Демир Хисар, во својство на имател на информации, достави барање за пристап до информации од јавен карактер.

Барањето е заведено во архивата на Општина Демир Хисар со број 09-1142/1 на 24.12.2020 година.

**Член 2**

Поради непостоење на законски пречки, барањето позитивно се одговара и во законски предвидениот рок ќе се достави до барателот на начин и форма кои ги има наведено во барањето.

Составен дел на ова Решение е бараната информација од јавен карактер бр.09-1142/5 од 29.12.2020 година.

**Член 3**

Решението стапува во сила со денот на неговото донесување.

Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер на Општина Демир Хисар
м-р Игор Дамјаноски

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-1142/5
29.12.2020
Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

До
[redacted]

**Предмет:** Доставување на информација од јавен карактер,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Општина Демир Хисар на 24.12.2020 година, заведено во архива на Општина Демир Хисар на 24.12.2020 година под број 09-1142/1, службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесе Решение за позитивен одговор на Вашето барање бр.09-1142/2 и врз основа на тоа, во прилог Ви ги доставуваме бараните информации:

-Годишни извештаи за периодот од 2010 до 2020 година кои содржат количина на штетни материи испуштени од рафинериите на територијата на Општина Демир Хисар,
**Не изготвуваме поради тоа што на територијата на општината нема рафинерија,**

-Статистички податоци за бројот на поднесени прекршочни пријави за прекршоци од Законот за јавна чистота за периодот од 2010 до 2020 година,
**Во наведениот период од страна на Општина Демир Хисар поднесени се дванаесет прекршочни пријави,**

-Годишни извештаи за информација на периодот од 2010 до 2020 година кои содржат количина на штетни емисии и отпадни материи испуштени во водите, воздухот и почвата на територијата на Општина Демир Хисар,
**Не изготвуваме поради тоа што на територијата на општината нема инсталирано мерни станици и не вршиме таков тип на мерења,**

-Регистар на издадени еколошки дозволи за периодот од 2010 до 2020 година,
**Општина Демир Хисар има издадено три Б-интегрирани дозволи и тоа на следниве правни лица:**
**-„Гранит каменолом" с.Слоештица Демир Хисар, УП1 бр. 14-19,**
**-„Агрофарм живинарска фарма" с.Суводол, Демир Хисар, УП1 бр. 11-22,**
**-„Железник" АД Сопотница, Демир Хисар, УП1 бр. 11-84.**
**Дополнително две правни лица имаат поднесено барање за издавање на Б-ингегрирана дозвола до Општина Демир Хисар а за нив не се издадени дозволи и тоа:**

**-„Рудник АД Сопотница“ Демир Хисар, поднесено на 16.07.2007 (не е комплетирана документацијата) и**

**-„НИ ОЛ Трејд каменолом Зли Дол“ с.Велмевци, поднесено Демир Хисар на 16.07.205 година (правното лице престана со вршење на дејноста),**

-Податоци за изградба на канализациска инфраструктура за периодот од 2010 до 2020 година,

**Нема изградено во наведениот период. Во тек е постапка за изградба на канализациска инфраструктура за село Белче, а изготвена е техничка документација за селата Журче и Жван и крак во Демир Хисар,**

-Годишни извештаи за здравствена исправност на вода за пиење за периодот од 2010 до 2020 година,

**Според добиените информации од ЈКП Комуналец Демир Хисар, анализите на исправноста за водата за пиење ги врши ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола, по претходно објавен оглас за јавна набавка од страна на ЈКП Комуналец Демир Хисар. Врз основа на земен примерок од вода за пиење се доставува извештај за хемиско-микробиолошка анализа на водата за пиење. ЈЗУ ЦЈЗ Битола не изработува годишни туку за секоја анализа посебен извештај а се работи за само за оваа година за шеесет и четири испитувања. Истите ги доставуваат до ЈКП Комуналец Демир Хисар,**

-Годишни извештаи за работата на депониите на на територијата на Општина Демир Хисар за периодот од 2010 до 2020 година,

**Според податоците добиени од ЈКП Комуналец Демир Хисар, изготвени се два извештаи и тоа за 2018 и 2019 година, кои Ви ги доставуваме во прилог,**

-Податоци за бесправна сеча на дрва/шуми на територијата на општината за периодот од 2010 до 2020 година

**Според податоците добиени од Подружницата Шумско стопанство „Бигла“ Демир Хисар, во периодот од 2011 до 2020 година, на териториријата на Општина Демир Хисар со која стопанисува ЈП „Национални Шуми“, подружница „Бигла“ Демир Хисар, регистрирани се бесправно посечени 4 348,01 м3 дрва. Во прилог Ви доставуваме документ од Подружницата Шумско стопанство „Бигла“ Демир Хисар,**

-Извештаи за спроведени консултации за јавност согласно постапките пропишани во Законот за животна средина, Законот за води, Законот за урбанистичко планирање за периодот од 2010-2020 година,

**Јавна презентација за изработка на ЛУПД за изградба на туристичко, угостителски и рекреативни објекти во мв Горна куќа село Слепче Општина Демир Хисар и јавна расправа по Извештајот за стратешка оцена на влијанието врз животната средина, 2012 година,**

**Јавна презентација за изработка на ЛУПД за изградба на Мала хидроелектрична централа на реката Голема Илинска МХЕ 257 КО Големо Илино, 2012 година,**

**Јавна расправа за нацрт извештајот за стратегиска оцена по изработка на ЛУПД за просизводство и складирање на сфалт во КО Слоештица, 2013 година,**

**Јавна анкета и јавна презентација за ЛУПД за изградба на туристички, угостителски и рекреативни објекти на КП бр.4098/2 мв Горна куќа, 2015 година,**

**Јавна анкета и јавна презентација по однос изградба Д3-спорт и рекреација на КП бр.1703/1 КО Демир Хисар, 2016 година**

**Јавна анкета и јавна презентација во постапка за донесување на ЛУПД за сончеви колектори во КО Слепче, 2017 година,**

**Јавна презентација и јавна анкета по предлог ЛУПД за формирање на ГП со намена Д4-меморијални простории-гробишта, Општина Демир Хисар, 2019 година,**

**Овие материјали Ви ги доставуваме во прилог,**

-Статистички податоци за добиени барања за пристап до информации од јавен карактер за

податоци од областа на животната средина, за одговорени барања, одговорени барања по поднесена жалба, неодговорени барања и отфрлени барања за периодот од 2010-2020 година

**Вкупно се добиени седум такви барања и сите се одговорени, без поднесени жалби,**

-Статистички податоци за постапки кои се водат пред Комисијата за слободен пристап до информации и Управниот суд во кои како тужена страна е општитата во контекст на пристапот до информации од јавен карактер од областа на животната средина за периодот од 2010-2020 година

**Нема такви примери.**

Изработил,

м-р Игор Дамјаноски, службено лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски